**БРУЦЕЛОЗА**

Бруцелозата претставува инфективно заболување од бактериска природа што припаѓа на зоонозите.. (Brucella melitensis, Brucela abortus, Brucella suis, Brucella canis, Brucella ovis, Brucella neotomae). Се карактеризираат со различна вирулентност, а највирулентна е Brucella melitensis. Отпорни на надворешна средина во која можат долго време да опстојат а покажуваат осетливост кон висока температура и дезинфекциони средства.





Најчесто протекува како акутно заболување со покачена телесна температура, треска, обилно потење, болки во зглобови, зголемени лимфни јазли,  а често пости и зголемување на црниот дроб и слезината.

Кај хроничните случаи процесот е најчесто локализиран на ‘рбетниот столб и големите зглобови па така болниот може да има отежнато движење и да зафаќа неприродна положба.

Резервоар на ова заболување се најчесто домашните животни, а поретко и дивите.

Оваа болест најчесто се пренесува преку алиментрен и контактен пат, поретко аерогено, а исто така има и професионален карактер па така се јавува кај лица кои се во контакт со животни, добиток и нивни продукти (млеко,месо и др.) одностно: сточари, млекари, фармери, касапи, ветеринари и сл.

Најзначајно е да се спомене дека најчесто ова зболување се пренесува со конзумирање на непастеризирано млеко како и младо сирење кое се конзумира во првите недели од неговото производство.

Кај нас ова заболување пројавува сезонски карактер и најчесто е од крајот на зима до лето со исклучителна изразеност во мај и јуни.

**Лекување:** се состои во антибиотска терапија (до смирување на симптомите) кој може да трае и неколку месеци и симптоматска терапија односно антипиретици за температура, аналгетици и антиреуматици за болка во зглобовите. Бидејки терапијата е долготрајна и агресивна врз дигестивниот тракт, треба да се примени заштитна терапија за желудникот и цревната флора. Во време на болеста, пациентот треба да се поштеди од секаква физичка активност и да се применува лесно сварлива храна со многу витамини и течности.

**Советник**

**Слободан Серафимовски**